# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА
# ПРОБИШТИП

Број 9/2026 24.08.2026 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), и член 38 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на Општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите од 14-та редовна седница на Советот на Општина Пробиштип одржана на ден 21.08.2026 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Констатација за оставка на Владимир Постолов од член на Советот на Општина Пробиштип бр. 26-924/3;
2. Решение за формирање на Верификациона Комисија бр.26-924/4;
3. Решение за верификација на мандат на член на Советот на општина Пробиштип бр.26-924/5;
4. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр.26-924/6;
5. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр.26-924/7;
6. Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУГД „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.26-924/8;
7. Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУГД „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр.26-924/9;
8. Одлука за утврдување на работно време во ЈОУ Детска градинка „Гоце Делчев“ Пробиштип бр.26-924/10;
9. Одлука за давање согласност на Јавната општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за запишување на поголем/помал број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи за учебната 2026/2027 бр.26-924/11;
10. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на Јавната Општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев“ Пробиштип за 2027 година бр.26-924/12;
11. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ОУ Дом на култура „Злетовски Рудар“ Пробиштип за 2027 година бр.26-924/13;

12. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на Општина Пробиштип Пробиштип за 2027 година бр.26-924/14;
13. Одлука за усвојување на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01-30.06.2026 година бр.26-924/15;
14. Одлука за давање согласност на финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година бр.26-924/16;
15. Програма за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-924/17;
16. Програма за дополнување на Програма за Социјална детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-924/18;
17. Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-924/19;
18. Развојна програма ЈИА за „Изградба на канализација во населба Драч за периодот 2026-2027 година бр.26-924/20;
19. Програма за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2026 година бр.26-924/21;
20. Програма за изменување и дополнување на Локален економски развој на Општина Пробиштип за 2026 година бр.26-924/22;
21. Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Пробиштип за 2026 година со Развојни Програми бр.26-924/23;
22. Развојна програма JDE за „За реконструкција на локален пат с.Кундино за периодот 2026-2027 година бр.26-924/23-1;
23. Развојна програма JDJ за „За реконструкција на локален пат од село Долни Стубол до село Горни Стубол за периодот 2026-2027 година бр.26-924/23-2;
24. Развојна програма JIA за „Изградба на атмосферска канализација на ул.„Х.Т.Карпош“ и улици 9-11-2 и улици 4,5,6“ во Урбан Блок 7.5 за периодот 2026-2027 година бр.26-924/23-3;
25. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за 2026 година бр.26-924/24;
26. Буџетски календар за донесување на Буџетот на Општината Пробиштип за 2027 година бр.26-924/25;
27. Одлука за давање под закуп на движни ствари сопственост на Општина Пробиштип бр.26-924/26;
28. Решение за разрешување и именување на член Комисијата за процена на штети предизвикани од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Пробиштип бр.26-924/27;
29. Заклучок од Здружени на граѓани ЛЕГОВЕЦ ЛЕНД Пробиштип бр.26-924/28;
30. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Пробиштип за време на одржување на Манифестацијата Леговец ленд Пробиштип 2026 бр.26-924/29;
31. Заклучок по барање од Теодора Амповска бр.26-924/30-1;
32. Заклучок по барање од Јованче Ивановски бр.26-924/30-2;

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 08-924/32
24.08.2026 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Тони Тоневски с.р.

---

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, расправајќи по поднесената оставка од член на Советот на Општина Пробиштип Владимир Постолов бр.26-914/1 од 12.08.2026 година

КОНСТАТИРА

Мандатот на Владимир Постолов член на Советот на Општина Пробиштип престанува пред истекот на мандатот заради поднесување на лична оставка,
Мандатот престанува со денот на одржување на седницата.

Број 26-924/3
21.08.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседател
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 7 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 5/2005, 23/2019 и 42/2020) Советот на општина Пробиштип на седница одржана на ден 21.08.2026 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Верификациона Комисија**

1. Се формира Верификациона Комисија која има за задача да изврши увид во Известувањето од Општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на советот

за нивниот избор, да го утврди нивниот идентитет и да поднесе извештај до советот со предлог за верификација.

2. За претседател и членови на Верификационата Комисија се избираат:
   -Маргарета Ангелковиќ за претседател
   -Драгана Анастасова Митев за член
   -Игор Бошковски за член

3. Решението стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година Претседател
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на членовите 10, 11, 12, 13 и 14 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на седница на Советот одржана на ден 21.08.2026 година, а по предлог на Верификационата Комисија го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За верификација на мандат на член на Советот**
**на општина Пробиштип**

1. Се верификуваат мандатот на Катерина Досева како член на Советот на Општина Пробиштип.

2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година Претседател
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015, 23/2019 и 9/2024 ) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025, 74/2025, 250/2025 и 111/2026), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година, на седницата одржана на ден 21.08.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр. 01-459/1 од 12.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр. 01-459/1 од 12.08.2026 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/6
21.08.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседател
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025, 74/2025, 250/2025 и 111/2026), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година, на седницата одржана на ден 21.08.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр.02-393/1 од 14.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр. 02-393/1 од 14.08.2026 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/7 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година — Претседател
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) а во врска со член 117 став 1 алинеа 2 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година, бр. 01-132/1 од 13.08.2026 година, на седницата одржана на ден 21.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУГД „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година**

Член 1

Се усвојува Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр. бр. 01-132/1 од 13.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр. бр. 01-132/1 од 13.08.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Оштина Пробиштип.

Број 26-924/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година Претседател
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) и член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 Службен Весник на РСМ бр.202/2024) а во врска со член 117 став 1 алинеа 2 од Закон за заштита на децата Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година, бр. 01-130/1 од 13.08.2026 година, на седницата одржана на ден 21.08.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишната програма за работа на ЈОУГД „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2026/2027 година**

Член 1

Се усвојува Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев“ за учебната 2026/2027 година бр. 01-130/1 од 13.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на одлука е Годишната програма за работа на Јавната општинска установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев“за учебната 2026/2027 година бр. 01-130/1 од 13.08.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/9
21.08.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседател
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002 Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015, 23/2019 и 9/2024) а во врска со член 67 став 6 од Закон за заштита на децата Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, постапувајки по барањето од ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип бр. 03-138/1 од 13.08.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на работно време во ЈОУ Детска градинка „Гоце Делчев“ Пробиштип**

Член 1

Се утврдува работното време во ЈОУ Детска Градинка „Гоце Делчев“ Пробиштип со утврдување на почеток и завршеток на работното време по објекти во рамките на 40 часовна работна недела на вработените и тоа:

1. Објект Цветови Пробиштип — од 06.00 до 17.00 часот,
2. Објект Срничка Пробиштип — од 06.00 до 17.00 часот,
3. Објект Изворче Злетово — од 06.00 до 17.00 часот,
4. Објект Детелинка Пробиштип — од 06.00 до 17.00 часот и
5. Посебни просторни услови с.Ратавици — од 07.30 до 10.30 часот.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/10
21.08.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседател
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 64 став 5 од Закон за заштита на децата децата („Службен весник на Република Македонија" 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на општина Пробиштип расправајки по Одлуката од ЈОУ ДГ „Гоце Делчев" Пробиштип бр. 02-135/1 од 13.08.2026 година, на седницата одржана на 21.08.2026 година, ја даде следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Јавната општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев" од Пробиштип за запишување на поголем/помал број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи за учебната 2026/2027**

Член 1

Се дава согласност на Одлуката за запишување на поголем/помал број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи во Јавната општинска установа Детска градинка Гоце Делчев од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр. 02-135/1 од 13.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Согласност е Одлуката за запишување на поголем/помал број на деца од законски утврдениот број во воспитните групи во Јавната општинска установа Детска градинка Гоце Делчев од Пробиштип за учебната 2026/2027 година бр. 02-135/1 од 13.08.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/11 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година | Претседател
Пробиштип | Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"143/19, 14/20,

208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на**
**Јавната Општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев“ Пробиштип за 2027 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Јавната Општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев“ Пробиштип за 2027 година бр. 01-134/2 од 13.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Јавната Општинска установа Детска градинка „Гоце Делчев“ Пробиштип за 2027 година бр. 01-134/2 од 13.08.2026 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-924/12 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година — Претседател
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на**
**ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2027 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2027 година бр. 01-197/4 од 13.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2027 година бр. 01-197/4 од 13.08.2026 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-924/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година Претседател
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 5 став 2 и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 208/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на**
**Општина Пробиштип Пробиштип за 2027 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2027 година бр. 08-920/1 од 13.08.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Општина Пробиштип за 2027 година бр. 08-920/1 од 13.08.2026 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип.

Број 26-924/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година Претседател
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/24), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 04/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/24) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/2026), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година, расправајќи по Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01-30.06.2026 година година бр.01-648/1 од 16.07.2026 година, го донесе следниот :

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година бр.01-648/1 од 16.07.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев" од Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година бр.01-648/1 од 16.07.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/15 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година | Претседател
Пробиштип | Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен Весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 64/18 и 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/2026), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026

година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година бр.05-649/1 од 16.07.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на финансиски извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година бр.05-649/1 од 16.07.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година бр.05-649/1 од 16.07.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/16 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година — Претседател
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за одбележување на манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година бр.26-1101/27 од 09.12.2025 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2025) и точката 8 во делот на Стипендии на ученици се додава нова алинеа 3 која гласи„ Награда за ученици од основните училишта прогласени првенци ученици на генерација од ООУ Браќа Миладиновци и ООУ Никола Карев Пробиштип од Комисија формирана од страна на основните училишта“, во износ од:

2 ученика х 20 000 ден = 40.000,00ден +персонален данок 11,11% =45.000,00 ден

Точка 10 од Програмата„ Пробиштипски летен фестивал 24 и 25 јули-Градски пазар Пробиштип" во износ од 1.100.000,00 ден се брише.

Во Точка 12 „28 Август –Голема Богородица „Ден на рударите и патрон на градот,, за настанот Леговец ленд покрај предвидените средства од 87.000 за обезбедување на озвучување, осветлување, бина и мобилни тоалети се обезбедуват и 100.000 за музички артисти.

Вкупниот износ на Програмата во износ од 5.728.900,00 денари се заменува со 4.773.900,00 денари.

Средствата од Летниот фестивал ќе бидат употребени во други програми каде има потреба.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одбележување на манифестации и настани во општина Пробиштип за 2026 година влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-924/17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година Претседател
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип 4/2005, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програма за Социјална детска и здравствена заштита за 2026 година**

Со оваа предлог Програма се врши изменување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-1101/22 од 09.12.2025 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.12/2025) и Програма за изменување на Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година бр.26-134/13 од 29.01.2026 година (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.1/2026) Точката 2 (Активности во детската заштита ), мерката- Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта, предвидени се финансиски средства заклучно со месец јуни 2026 година.

Со цел да продолжи активноста и бесплатниот оброк за учениците од прво до петто одделение за учебната 2026/2027 година до крајот на годината се предвидуваат уште 600.000,00денари за реализација на оваа мерка.

Со оваа предлог измена и дополнување на Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година со дополнување вкупниот износ на програмата за 600.000,00 денари или наместо 10.430.000,00 ден станува 11.030.000,00 ден

Програмата за дополнување на програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-924/18 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
21.08.2026 година | Претседател
Пробиштип | Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 21 став 1 точка 8 од од Статутот на Општина Пробиштип (Сл. Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 ја усвои следната:

**ПРОГРАМА**
**За изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година**

Со оваа Програма се врши изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште за подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година бр 26-1101/12 од 09.12.2025 година и Програмите за изменување и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште бр.26-682/25 од 27.05.2026 и 26-787/8 од 30.06.2026 и тоа :

**Подпрограма Ји Изградба и реконструкција на системи за одведување и прочистување на води**

- Во точката 4 Изградба на канализација во мв Драч во графата буџет сумата од 0 денари се заменува со сума од 160.000 денари, а во графата донации сумата од 2.000.000 денари се заменува со сума 912.000 денари

Вкупно во подпрограмата Ји сумата од 1.850.000 во графата буџет се заменува со сума од 2.010.000 денари, а во графата донација сумата од 8.024.000 денари се заменува со сума од 6.936.000 денари.

Проектот изградба на канализација во мв Драч е со вкупно планирано чинење од 2.498.000 денари кое е планирано со двегодишно финансирање. Сумата од 1.426.000 денари ќе се планира за финансирање во буџетот за 2027 година.

**Подпрограма Јл Изградба на други објекти**

- По точката 8 се додава нова точка 9, Реконструкција на топловодна котлара и партерно уредување на СОУ Н.Н. Борче во Пробиштип со сума од 180.000 денари во графата буџет и 4.500.183 денари во графата донација.

Вкупно во подпрограмата Јл сумата од 5.305.650 денари во графата буџет се заменува со сума од 5.485.650 денари, а сумата од 28.942.614 денари во графата донација се заменува со сума од 33.442.797 денари

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пробиштип за 2026 година стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-924/19
21.08.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседател
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 3/25), член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година донесе:

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЈИА**
**за „Изградба на канализација во населба Драч“**
**за периодот 2026-2027 година**

**1. Цели:**

Со изградба на канализациојата во насела Драч ќе се подобрат условите за живо и ќе се обезбеди почиста и поздрава животна средина во населба Драч.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година ........................................................1.072.000,00 денари
- 2027 година ........................................................1.426.000,00 денари

**Вкупно предвидени средства:..............2.498.000,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип и Министерството за транспорт во висина од 910.000,00 денари.

Развојната програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-924/20
21.08.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Претседател
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и Службен весник на РСМ број 202/2024) и член 21 став 1 точка 6,7 и 11 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник на Општина Пробиштип“ бр. 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24), а во врска со член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020, 111/2023, 171/2024, 224/2024, 40/2025, 101/2025 и 127/2025), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 21.08.2026 година донесе:

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2026 ГОДИНА

Се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Пробиштип за 2026 година, бр.26-1101/10 од 09.12.2025 година („Службен Гласник на Општина Пробиштип„ бр.12/2025 ) во делот:

**Член 1**

Се врши дополнување на точката 4 со нови два става 4.4 и 4.5 кои гласат:

**4.4 ИЗРАБОТКА НА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП (ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН) ЗА ДЕЛ ОД БЛОК 11.1, УРБАН МОДУЛ 4, КО Пробиштип со П=5,08 Ха (со ревизија)**

Во овој опфат се предвидени објекти од класа на намена од групата:

**А-ДОМУВАЊЕ,** А 1 - Домување во куќи, А1.1 – Станбени куќи – слободностоечки,А1.2 – Станбени куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи, А1.3 – Станбени куќи со споени ѕидови на меѓа од двете страни – куќи во низови, А1.4 – Станбени куќи со повеќе споени ѕидови на меѓа – атриумски куќиА1.6 – Други станбени куќи – вили и слично, А2 – Домување во згради, А2.1 - Станбени згради – слободностоечки блокови и кули, А2.2 – Станбено-деловни згради – слободностоечки, во низи, во периметрална формација и други, А2.3 - Станбени згради во состав на сложени градби со други намени, А3 - Заедничко (групно) домување **Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ,** Б1 - Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 200м2 и п + 1 кат) Б1.1 – Дуќани, занаетчиски дуќани, продавници за мали прибори, опрема, делови и потреби за домаќинствоБ1.2 – Работилници за поправка на предмети и уреди, сервиси за чистење облека и други сервиси Б1.3 - Продавници за храна, минимаркети, гранапи и други продавници Б1.4 – Продавници за машини и опрема за домаќинство Б1.5 – Ресторани, кантини, кафеани, кебачилници,сендвичариБ1.6 – Кафулиња, мали барови, бифеа, бистроа,пивници и пивски подруми, винарии и вински подруми Б1.7 – Слаткарници, патисерии, продавници на бели печива, мали пекари и фурниБ1.8 – Банкарски експозитури, канцеларии за финансиски услуги, менувачници Б1.9 - Пошти, поштенски канцеларии, канцелариизa прием на пратки,Б1.10 - Канцеларии за консалтинг и интелектуални услуги,Б1.11 – Адвокатски, нотарски и извршителски канцеларии,Б1.12 – Аптеки, продавници за козметика,Б1.13 - Мали ординации од сите медицински и стоматолошки области (стоматолошки, физиотерапевтски и слично) Б1.14 – Продавници за предмети, уреди, салони за мебел и други мали специјализирани

